**С О В Е Т Н А О П Ш Т И Н А Г А З И Б А Б А - С К О П Ј Е**

# З А П И С Н И К

## Од ЕДИНАЕСЕТТАТА седница на Советот на Општина Гази Баба, одржана на 08.06.2018 година

**СКОПЈЕ, ЈУНИ 2018 ГОДИНА**

**З А П И С Н И К**

**Од Единаесеттата седница на Советот на Општина Гази Баба, одржана на 08.06.2018 година**

Седницата започна во 12 часот.

Седницата ја отвори и со неа раководеше, Претседателот на Советот на Општина Гази Баба, **Тони Бојковски**.

На седницата присуствуваа мнозинство членови на Советот, со што истиот можеше да расправа и полноправно да одлучува.

Освен членовите на Советот, на седницата присуствуваа: Градоначалникот на Општина Гази Баба и претставници од општинската администрација.

Пополнетиот евидентен лист е доказ за присуството на член на Советот на седницата во тековниот месец.

**********

По Нацрт - Записникот од **Деветтата** седница на Советот на Општина Гази Баба:

Советот го усвои Записникот од **Деветтата** седница на Советот на Општина Гази Баба, со **23 гласа "ЗА"**.

**********

По Нацрт - Записникот од **Десеттата** седница на Советот на Општина Гази Баба:

Советот го усвои Записникот од **Десеттата** седница на Советот на Општина Гази Баба, со **24 гласа "ЗА"**.

**ПО ПРЕДЛОЖЕНИОТ ДНЕВЕН РЕД:**

Претседател на Совет - **Тони Бојковски**:

За работата на седницата на Советот го предложи дневниот ред кој е доставен со решението за свикување на седницата, со следниот предлог за **дополнување** на дневниот ред, согласно извештајот на статутарно-правната комисија, бр.09-2574/2 од 07.06.2018 година:

**8.** Предлог - Одлука за давање согласност за склучување на договор за отстапување на водоснабдителен систем без надомест.

Предлогот за дополнување на дневниот ред беше усвоен со **24 гласа "ЗА"**:

Претседател на Совет предложи точката "8" да се разгледува како точка "7", а точката 7. **Советнички прашања** да биде точка "8".

За работата на седницата со **25 гласа "ЗА"** беше усвоен следниот:

**Д Н Е В Е Н   Р Е Д**

1. Предлог - Одлука за прием во сопственост на патничко моторно возило;
2. Предлог - Одлука за одобрување на финансиски средства за надоместок на трошоци за престој и исхрана на семејства од опожарени домови;
3. Предлог - Одлука за утврдување на пропишани обрасци за спроведување на избори за советите на облиците на месната самоуправа;
4. Предлог - Одлука за определување на членови на Советот на Општина Гази Баба за набљудување на изборниот процес за избор на членови на советите на облиците на месната самоуправа;
5. Предлог - Заклучок за усвојување на извештајот за остварување на приходите и извршување на расходите на Буџетот на Општина Гази Баба, за периодот јануари - март 2018 година;
6. Предлог - Одлука за изработка на Локална урбанистичко - планска документација, за изградба на намена А1 - домување во станбени куќи, комплекс КО Раштак, Општина Гази Баба - Скопје;
7. Предлог - Одлука за давање согласност за склучување на договор за отстапување на водоснабдителен систем без надомест; и
8. Советнички прашања.

**ПРВА ТОЧКА: Предлог - Одлука за прием во сопственост на патничко моторно возило.**

Претседателот на комисијата за финансии и Буџет - **д-р Сашо Кутлешовски**, поднесе извештај од седницата одржана на 07.06.2018 година.

Комисијата предлага Советот да ги донесе следните материјали:

- Предлог - Одлука за прием во сопственост на патничко моторно возило;
- Предлог - Одлука за одобрување на финансиски средства за надоместок на трошоци за престој и исхрана на семејства од опожарени домови; и
- Предлог - Заклучок за усвојување на извештајот за остварување на приходите и извршување на расходите на Буџетот на Општина Гази Баба, за периодот јануари - март 2018 година (со исправка на грешки во прилозите).

Претседателот на Советот отвори претрес по точката, никој не се јави за збор, го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот ја донесе Одлуката за прием во сопственост на патничко моторно возило, со **25 гласа "ЗА"**.

**ВТОРА ТОЧКА: Предлог - Одлука за одобрување на финансиски средства за надоместок на трошоци за престој и исхрана на семејства од опожарени домови.**

Претседателот на Советот отвори претрес по точката, никој не се јави за збор, го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот ја донесе Одлуката за одобрување на финансиски средства за надоместок на трошоци за престој и исхрана на семејства од опожарени домови, со **26 гласа "ЗА"**.

**ТРЕТА ТОЧКА: Предлог - Одлука за утврдување на пропишани обрасци за спроведување на избори за советите на облиците на месната самоуправа.**

Претседателот на статутарно-правната комисија - **Александар Трајковски**, поднесе извештај од седницата одржана на 07.06.2018 година.

Комисијата предлага Советот да ги донесе (да не ги донесе) следните материјали:

- Предлог - Одлука за утврдување на пропишани обрасци за спроведување на избори за советите на облиците на месната самоуправа (се прадлага да не се донесе);
- Предлог - Одлука за давање согласност за склучување на договор за отстапување на водоснабдителен систем без надомест.

Претседателот на Советот отвори претрес по точката.

Член на Совет - **м-р Мартин Ристов** (коалиција предводена од СДСМ):

Во однос на оваа точка за која комисијата негативно се произнесе, незнам која е поентата за одолговлекување на целиот процес. Целиот изминат период не држите во константно заложништво, дека навидум сте загрижени околу транспарентноста на целиот процес. Не ги прифативте постоечките Правила донесени од претходниот состав на Советот. И покрај одговорот кој Градоначалникот го доби од министерството за локална самоуправа дека од момент на распишување на изборите Правилата неможе да бидат предмет на измени и дополнувања, сепак Градоначалникот имаше разбирање и ги прифати сите предлози се со цел да имаме транспарентна постапка. Јас разбирам дека сте во шок поради нискиот рејтинг на вашата партија, дека сте во шок после 11 години на централно а 25 години на локално ниво, доживеавте дебакл на избори, но Ве молам да не го држите во заложништво целиот процес и интересите на граѓаните.

Член на Совет - **Александар Трајковски** (коалиција "За подобра Македонија"):

Колега Ристов, Правилата ги донесовме заедничи, но и овој пат истите беа прекршени. Кој е во шок видовме со бркање од работа на 4 службеници од општинската админстрација се со цел да нема излезност на неодамнешниот митинг, но безуспешно, граѓаните ја испратија пораката и тоа ќе продолжи и во иднина. Што се однесува до Правилата се работи за принципи. Градоначалникот имаше обврска одлуката за распишување на избори да ја достави до Советот 8 дена пред денот определен за поднесување на кандидатури. Тоа беше сторено 7 дена пред денот определен за поднесување на кандидатури. Не се работи за тој еден ден туку се работи за принцип. Второ, Градоначалникот во рок од 5 дена од денот на донесување на одлуката за распишување на изборите, беше должен да донесе решение за именување на државни службеници кои ќе го набљудуваат процесот. Јас искрено незнам дали е тоа сторено. Советот во истиот рок требаше да донесе одлука за определување на советници кои ќе го набљудуваат процесот. На координативниот состанок беше договорено денот на прием на кандидатури да биде неработен ден, тоа не е сторено, определениот ден за прием на кандидатури е

работен ден. На тој состанок беше присутна и колешката Бубало и може од говорница да го потврди тоа. Треба да се договориме да се почитуваат Правилата. Вие не сакате транспарентен процес туку процес со политичка дамка.

Градоначалник на Општина Гази Баба - **Борис Георгиевски**:

Политички призвук во мојата дискусија нема и нема да има, од причина што претходно се договоривме за сите работи. Јас немам ништо прекршено. Образложението ваше е неосновано. Вие бевте дел од работната група чии предлог и текст на Правилата беше утврден и донесен на седница на Совет. Правилата на игра се усогласија. Во мај месец се договоривме за многу работи, старите Правила ги имавме впредвид при носење на новите Правила. Се договоривме да нема поднесување на кандидатури на самиот ден определен за гласање. Се договоривме да има двојно поголем број на утврдени кандидати од бројот на членовите на советот за урбаните и месните заедници. Да не должиме многу, Ве повикувам да ја прекинеме оваа дискусија, утврдете кога сакате избори, роковникот донесете го вие јас ќе го прифатам. Тргнете ја политиката на страна, да им дадеме важност на граѓаните и на урбаните и месните заедници. Договороте датум и јас сум согласен. Правилата за мене се кристално јасни и имам добра волја овој процес конечно да се заврши. Советите повеќе од 3 години се со истечени мандати.

Член на Совет - **Александар Трајковски** (коалиција "За подобра Македонија"):

Градоначалник, се договоривме да нема поднесување на кандидатури на самиот ден определен за гласање и тоа е точно. Но се договоривме и да нема ограничување во бројот на поднесени кандидатури. Се договоривме да се гласа во неработен ден. Правилата се прекршија, но во ред ја прифаќаме иницијативата ќе добиете предлог за измена на правилата, до петок ќе свикаме седница и ќе се изгласаат.

Член на Совет - **м-р Мартин Ристов** (коалиција предводена од СДСМ):

Претседателе, Ве молам да ги прекинувате во дискусијата советниците кои од говорница употребуваат навредливи зборови. Мене ми е мило што колегата Трајковски со своето излагање само потврди дека сето ова е само театар. На граѓаните им е се потребни тие урбани и месни заедници кои ќе ги застапуваат нивните интереси и ќе притискаат и кај Градоначалникот и во Советот. На граѓаните им е преку глава од политика.

Член на Совет - **Александар Трајковски** (коалиција "За подобра Македонија"):

Добро е што тука се присутни и граѓани па можат да слушнат и да видат дека за СДСМ почитување на правила се театар. Добро е да видат што значи прекршување не на едно туку на пет правила. Бараме доследно почитување на Правилата.

Член на Совет - **м-р Мартин Ристов** (коалиција предводена од СДСМ):

Јас колега Трајковски ја разбирам вашата нервоза од толку многу судски рочишта на кој сте константно присутни, но ве повикувам да има пауза и сами да ги утврдите роковите за спроведување на изборите.

Член на Совет - **Александар Трајковски** (коалиција "За подобра Македонија"):

Колега Ристов, не едно не илјада рочишта, ниту Катица Јанева ниту лично Зоран Заев нема да ме спречат да пркосам на секое прекршување на законите од страна на Градоначалникот. А рокови нема да добиете денес, па повелете спроведете ги изборите.

Претседател на Совет - **Тони Бојковски**:

Ве молам советници да се задржите на точката на расправа и да го задржите нивото во дискусиите.

Член на Совет - **м-р Живко Белчев** (коалиција "За подобра Македонија"):

Колега Ристов, Вие сте академски граѓанин, наместо тука да се задржиме за потребите и интересите на граѓаните за што сте избрани, Вие изнесувате приватни работи за советник. Задржете го нивото.

Претседател на Совет - **Тони Бојковски**:

Колега Ристов, советите во УЗ и МЗ не се бираат за да му досадуваат на Градоначалникот. Градоначалникот и членовите на советот на општината се предложени од политички партији со соодветни програми и тие се избрани од граѓаните истите програми да ги спроведат. Неможе ако нема никакви активности на терен виновно за тоа да биде тоа што нема совети во УЗ и МЗ. Најмалку е потребно да се инволвира политика во изборот на членовите во советите во УЗ и МЗ. Јас незнам каде Вие работите, но ако е работен ден неможете и да сакате да се кандидирате за член во совет на УЗ и МЗ. Посебно денот на пријавување е потребно да биде неработен ден. Како би дошле во 8 часот а се на работа !?. Ставот на нашата советничка група тука е јасен и тука нема политика. Ова го оставаме на работната група, се со цел целиот процес да заврши.

Член на Совет - **м-р Мартин Ристов** (коалиција предводена од СДСМ):

Претседателе, ми се обративте лично мене. Година и половина немавте распишано избори а половина година го блокирате овој процес. Некој да не Ве познава ќе помисли дека цел живот сте биле во опозиција а не на власт. Се согласувам дека е потребо работната група да си ја заврши работата.

Член на Совет - **Милица Бубало** (коалиција предводена од СДСМ):

Јас во целава ситуација се чудам. Како советничка група на ВМРО-ДПМНЕ е потребно да бидете транспарентни а не да го блокирате процесот и да манипулирате со потребите на граѓаните. Да се вратиме station наназад со одобрувањето на постапката за аплицирање за кредит за изградба на фекалната канализација во Јурумлери. И тогаш го одолговлекувавте целиот процес, наместо порано да почне целата постапка. Околу изборот за УЗ и МЗ сите знаеме колку е потребно тој процес да заврши. Вие инсистиравте постоечките Правила да бидат заменети со нови. Ако е толкав проблем дајте денес да се донесат соодветните одлуки да се состанеме и да утврдиме нови датуми за одржување на изборите.

Претседателот на Советот го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот **не ја донесе** Предлог - Одлука за утврдување на пропишани обрасци за спроведување на избори за советите на облиците на месната самоуправа, со **12 гласа "ЗА" и 13 гласа "ПРОТИВ"**.

**ЧЕТВРТА ТОЧКА: Предлог - Одлука за определување на членови на Советот на Општина Гази Баба за набљудување на изборниот процес за избор на членови на советите на облиците на месната самоуправа.**

Претседателот на комисијата за мандатни прашања, избори и именувања – **Тони Бојковски**, поднесе извештај од седницата одржана на 07.06.2018 година.

Комисијата предлага Советот **да не го донесе** следниот материјал:

- Предлог - Одлука за определување на членови на Советот на Општина Гази Баба за набљудување на изборниот процес за избор на членови на советите на облиците на месната самоуправа.

Претседателот на Советот отвори претрес по точката, никој не се јави за збор, го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот **не ја донесе** Предлог - Одлуката за определување на членови на Советот на Општина Гази Баба за набљудување на изборниот процес за избор на членови на советите на облиците на месната самоуправа, со **12 гласа "ЗА" и 13 гласа "ПРОТИВ"**.

Член на Совет - **Андреа Најденовски** (коалиција "За подобра Македонија"):

Барам пауза од 10 минути. Барањето е поткрепено од 5 советници.

Претседател на Совет - **Тони Бојковски**:

Исполнети се условите во согласност со Деловникот.

**Давам пауза од 10 минути.**

**По паузата.**

**ПЕТТА ТОЧКА: Предлог - Заклучок за усвојување на извештајот за остварување на приходите и извршување на расходите на Буџетот на Општина Гази Баба, за периодот јануари - март 2018 година.**

Претседателот на Советот отвори претрес по точката.

Член на Совет - **д-р Сашо Кутлешовски** (коалиција "За подобра Македонија"):

Ова точка е исклучително важна. Се додека сум претседател на комисијата за финансии и Буџет ќе ја имам улогата на "чувар на Буџетот". Единствената вистина е тука од ова говорница и податоците што тука се изнесуваат, се друго е обичен

разговор. Пред да се осврнам на точката предмет на расправа да истакнам дека комисијата за проценка и утврдување на штетите си ја завршија во целост својата работа. Констатирани беа големи штети и граѓаните очекуваат тие средства по основ на обештетување да пристигнат на нивните сметки. Во однос на податоците од првиот квартал неможеме да кажеме дека имаме "среќна ситуација". Очекувањата и ветувањата од Градоначалникот беа големи. Градоначалникот истакна дека ќе има приливи од централната власт, донации, трансфери, од бизнисмени со отварање на нови бизниси. Показателите се поинакви, централната власт префрлиле 112.000,00 денари. Централната власт не разбира дека неможе на исто рамниште да бидат Општина Аеродром и Општина Гази Баба која е 70% рурална општина. Општината со овие средства неможе да ги сервисира ниту потребите на општинската администрација. Јас ќе го почекам 30 јуни и крајот на вториот квартал и ќе ги споредам податоците. Она што како евиденција го имам нетреба да бидеме во некаква паника дали ќе има или не доволно средства, но срамота е централната власт да префрли само нецели 2.000 евра. Реализацијата во првиот квартал е многу ниска во споредба со истиот период минатата година. Како претседател на комисија ќе бидам поригорозен дури и со иницијатива за формирање на работна група за спас на Буџетот на општината. Единствен позитивен износ во извештајот за првиот квартал е во делот на блок дотации и ништо повеќе. *(Во понатамошниот дел од дискусијата членот на Советот детално ги образложи податоците од кварталниот извештај и во приходната и во расходната страна).* Градоначалник, да збориме реално. Најголем процент од планираните приливи во Буџетот требаше да бидат на ниво на 1.200.000.000,00 денари а во овој квартален период имаме само 13.000.000,00 денари !? Јас ќе почекам да заврши вториот квартал. Ме интересира во делот и на донациите за што ќе побарам информација од секторот за финансиски прашања, за тоа кои субјекти се донатори во општината. Најмногу сум загрижен околу обезбедување на средства за обештетување на граѓаните зафатени со невремето.

Градоначалник на Општина Гази Баба - **Борис Георгиевски**:

Во интерес на времето не би сакал да коментирам. Се работи за податоци од првиот квартал. Би се задржал на политичкиот момент. Најпрво, донесувањето на Програмата за располагање со градежното земјиште од чија реализација зависи приходот во општината, доцнеше со донесување од страна на Советот од добро познати причини. Во делот на трансфери на средства од централната власт од страна на МТСП во делот на блок дотациите работата е завршена, како и обврски по однос на превоз на ученици, нафта, сервисирање и режиски трошоци. Од страна на Советот беше донесен и заклучок со кој меѓудругото се запреа градежните активности ниту било какви склучувања на договори со фирмите. Ликвидноста на општината е подобрена за 100%, не заборавајте дека имавме обврски кон 42 фирми за побарувања поголеми од 120.000.000,00 денари со склучени договори за исплата на 24 рати, без камати и без утежени побарувања. Околу донациите, има 20.000 евра прокнижени во делот на материјали а втората донација е пуштање на домот на културата. Во текот на овој месец ги пуштивме сите решение за данок на имот. Имав голема забелешка за доцнењето од страна на Град Скопје, без разлика кој е во даден момент Градоначалник. Би ги напоменал и сите проекти кои се одобрени и се во најава во вкупна сума од 520.000.000 денари и ќе бидат прокнижени во вториот квартал.

Член на Совет - **д-р Сашо Кутлешовски** (коалиција "За подобра Македонија"):

Јас пак би напоменал дека го чекам вториот квартал. Повторно Градоначалникот спомна 520.000.000,00 денари и ќе видиме дали тоа ќе биде прокнижено во вториот или во третиот квартал. Вториот квартал во секој случај ќе биде мерило. Јас неверувам дека централната власт ќе ја финасира општината со темпо кое го очекува Градоначалникот. Сепак за него е подобро да се држи до советничката група на која припаѓам.

Член на Совет - **м-р Мартин Ристов** (коалиција предводена од СДСМ):

Бројките во извештајот се такви кави што сѐ. Сепак има некои клучни сегменти на која мора да се обрне внимание. Градоначалникот напомена дека беше донесена одлука со која се запреа градежните активности, но сепак треба да имаме впредвид и дека имаше и трансфер на власта. Колегата Кутлешовски изложи во својата дискусија многу претпоставки и внесе политички моменти. Да не заборавиме дека општината на 02.12.2017 година беше задолжена 310.000.000,00 денари. Крајот на месецот беше задолжена неполни 300.000.000,00 денари за да сега заклучно со овој квартал е задолжена за 170.000.000,00 денари помалку и се реализирани и платени обвските на општината. Знаете кога се зема кредит преку Светска банка тоа не оди лесно и од тие причини беше потребно час порано да се носат одлуките. Третиот квартал секогаш е клучен за да имаме комплетна слика за општината.

Претседател на Совет - **Тони Бојковски**:

Колега Ристов, на секоја седница постојано имате забелешки во однос на примена на Деловникот, кој колку минути и секунди е на говорница. Не е коректно да се коментира тој дел а се расправа за Буџет на општината. Го спомнувате Јурумлери и Светска банка. Комплетниот проект е околу 2.500.000 €. Град Скопје треба да даде 500.000 €, нека ги даде Град Скопје. Еден камен немате ставено. Еве Светска банка подоцна ќе ги даде, но зошто Гард Скопје не ги дава парите ?. Не се вадете постојано на ВМРО-ДПМНЕ.

Член на Совет - **м-р Мартин Ристов** (коалиција предводена од СДСМ):

Јас незнам зошто сте нервозен. Разговаравме за конкретни работи и разменивте мислења со колегата Кутлешовски. Јас знам дека вие немате познавање од економија и тоа е во ред. Вие сте Претседател на сите во Советот и неможете постојано да се претставувате дека сте загрижени и да делите лекции. Да оставиме околу Јурумлери времето да покаже како ќе се реализира проектот.

Претседател на Совет - **Тони Бојковски**:

Колега Ристов, Вас никој не ве познава а мене ме познаваат. Позади мене се 20 км канализација како Претседател на иницијатвен одбор. Позади мене има 17 км водовод. Како технички секретар на 9 населени места, многу добро знае народот и кој е власт и кој е опозиција. Дали разбирате дека граѓаните уште ни вртат телефони и прашуваат зошто работите се запрени. Дали разбирате дека камен не сте ставиле во општината а сте година дена на власт. 60% од комуналиите се приход на Град Скопје, зошто не ги инвестираат во општината ?. Ние знаеме што е да дојде нов Градоначалник, да се прилагоди и нормално е да се даде шанса. Но точката на топење е одредена, после тоа ќе реагираме.

Член на Совет - **Александар Трајковски** (коалиција "За подобра Македонија"):

Читираше одредби од Деловникот на Советот на Општина Гази Баба во делот на времетрање на говор на советник.

Член на Совет - **м-р Живко Белчев** (коалиција "За подобра Македонија"):

Имаме намалени приходи видно од кварталниот извештај. Намалената економска активност и раст на централно ниво очигледно е дека се рефлектира и на локално ниво.

Член на Совет - **Јорданчо Тодосиев** (коалиција предводена од СДСМ):

Претседателе, мора да им дадете можност на сите членови на Советот да го кажат од говорница своето мислење. Вие неможете да им го ускратувате тоа право на советниците.

Член на Совет - **Елизабета Стојменова** (коалиција "За подобра Македонија"):

Околу бројките и што сѐ е сработено во минатото, јас можам само да истакнам дека сѐ што претходно во изминатите години е направено во оваа општина е направено од ВМРО-ДПМНЕ. Како што истакна и Претседателот, камен немате ставено во општината. Во Јурумлери на средбата јасно беше истакнато дека ќе се почне со работа на 01.06.2018 година и ќе се заврши со проектот до 31.12.2019 година. Бидете реални и кажете што беше ветено. Кредитот сеуште не ѐ добиен. Ние сме добиле кредит од Светска банка и изградено е училиште во н.м Железара. Ако мислите дека ќе реализирате проекти со користење на ваучери тогаш се лажете. Со ваучери канализација не се прави.

Претседателот на Советот го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот го донесе Заклучокот за усвојување на извештајот за остварување на приходите и извршување на расходите на Буџетот на Општина Гази Баба, за периодот јануари - март 2018 година (со исправки на грешки во прилозите), со **25 гласа "ЗА"**.

**ШЕСТА ТОЧКА: Предлог - Одлука за изработка на Локална урбанистичко - планска документација, за изградба на намена А1 - домување во станбени куќи, комплекс КО Раштак, Општина Гази Баба - Скопје.**

Претседателот на комисијата за урбанизам, комунални работи, сообраќај и заштита на животната средина - **Андреа Најденовски**, поднесе извештај од седницата одржана на 07.06.2018 година.

Комисијата предлага на Советот да го донесе следниот материјал:

- Предлог - Одлука за изработка на Локална урбанистичко - планска документација, за изградба на намена А1 - домување во станбени куќи, комплекс КО Раштак, Општина Гази Баба - Скопје;

Претседателот на Советот отвори претрес по точката, никој не се јави за збор, го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот ја донесе Одлуката за изработка на Локална урбанистичко - планска документација, за изградба на намена А1 - домување во станбени куќи, комплекс КО Раштак, Општина Гази Баба - Скопје, со **25 гласа "ЗА"**.

**СЕДМА ТОЧКА: Предлог - Одлука за давање согласност за склучување на договор за отстапување на водоснабдителен систем без надомест.**

Претседателот на Советот отвори претрес по точката.

Член на Совет - **Андреа Најденовски** (коалиција "За подобра Македонија"):

Советничката група на коалиција "За подобра Македонија" ќе го подржи донесувањето на оваа Предлог-Одлука, но бараме објаснување од Градоначалникот на општината околу одредени одредби од нацрт-договорот во делот на изградба на водоснабдителен систем за подрачје надвор од подрачјето на општината.

Градоначалник на Општина Гази Баба - **Борис Георгиевски**:

Во интерес на времето е дополнет дневниот ред со оваа точка. ОКТА ни го отстапува водоснабдителниот ситем кој е во негова сопственост без надомест. Изворите, пумпните станици и инфраструктурата се наоѓаат во Јурумлери односно на подрачјето на општината. Останатите општини како Илинден и Петровец кои гравитираат ќе купуваат или ние ќе транспортираме вода до одредени басени. Значи ќе треба да склучат договори со нас, да прават приклучоци за испорака на вода. После склучување на главниот договор, ние ќе наплаќаме за производство и дистрибуција на вода, а тие ќе прават дополнителни мрежи. Јас ја прифаќам оваа донација од аспект на потенцијалот за иден развој кој го има во тој дел на општината. Значи поединечно со секоја од општините (Илинден и Петровец) ќе склучиме посебни договори.

Член на Совет - **Ристо Донев** (коалиција "За подобра Македонија"):

Јас сум должен да го информирам Советот дека сум вработен во ОКТА АД Скопје и од тие причинини ќе се иземам од гласање по однос на оваа точка.

Член на Совет - **д-р Сашо Кутлешовски** (коалиција "За подобра Македонија"):

Градоначалник, да резимираме, значи целиот систем за инсталација ни се дава без надомест а секоја од општините ќе го сноси својот дел од трошоците.

Претседателот на Советот го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот ја го донесе Одлуката за давање согласност за склучување на договор за отстапување на водоснабдителен систем без надомест, со **24 гласа "ЗА"**.

**ОСМА ТОЧКА: Советнички прашања.**

*(На предлог на Претседателот на Советот прашањата кои ќе се поставaт ќе бидат одговорени во писмена форма од страна на Градоначалникот на општината)*

Член на Совет - **Андреа Најденовски** (коалиција "За подобра Македонија"):

<u>До Градоначалник на Општина Гази Баба</u>

1. До каде е постапката со асфалтирање на улица Фуштанска ?,

2. До каде е постапката со изградбата на водоводот во н.м Брњарци ?,

3. Што ќе сторите со непријатните миризби кои постојано ги има во општината од правец на н.м Вардариште ?.

Член на Совет - **Дијана Илиевска** (коалиција "За подобра Македонија"):

<u>До Градоначалник на Општина Гази Баба</u>

1. Дали ова лето на жителите од н.м Раштак и н.м Булачани ќе им се обезбеди вода како основен услов за живот ?,

2. Во кој месец од тековната 2018 година ќе се започне со изградба на фекална канализација во н.м Цршево ?,

3. Дали до крајот на 2018 година ќе се започне со работа во н.м Цршево и околните места околу реконструкција на улиците ?.

Член на Совет - **Александар Трајковски** (коалиција "За подобра Македонија"):

<u>До Градоначалник на Општина Гази Баба</u>

1. Дали се работи за политички реваншизам и отворање на нови места се со цел да вработите луѓе од вашата политичка партија ? (*Во врска со претходен коментар за непродолжување на договорите за времени вработувања на 4 лица, односно продолжување на договорот за времено вработување на 1 лице)*,

2. Кога ќе се дислоцира автопазарот во н.м Триангла ?,

3. До каде е постапката околу изградбата на отворен базен во спортскиот центар - Хиподром ?.

Член на Совет - **м-р Живко Белчев** (коалиција "За подобра Македонија"):

<u>До Градоначалник на Општина Гази Баба</u>

1. Што се случува со безбедносната состојба на подрачјето на општината и покрај тоа што имаше состанок на локалниот совет за превенција ?,

2. До каде е процесот на подготвка на проектна документација за изградба на атмосферската канализација за улиците Сава Михајлов и Трајко Китанчев ? *(идентично советничко прашање поставено претходно*),

3. На последна 45-ка помеѓу улиците кои водат кон н.м Стајковци и Арачиново има поставено семафори кои не се во функција. Дали може да се стават во функција семафорите и да се реши постојаниот сообраќаен метеж *(идентично советничко прашање поставено претходно*) ?.

Член на Совет - **Елизабета Стојменова** (коалиција "За подобра Македонија"):

До Градоначалник на Општина Гази Баба

1. Во врска со вашата предизборна програма во делот кој се однесува на н.м Железара - Кога конкретно планирате да се реконструира улица Гемиџиска ?,

2. Дали и кога планирате уредување на просторот со нови цветни содржини околу кружниот тек ?,

3. На платото каде што се гради црквата во н.м Железара се руши (летниковци, клупи, лизгалки за деца). Која е причината за тоа ?.

Член на Совет - **Ристо Донев** (коалиција "За подобра Македонија"):

До Градоначалник на Општина Гази Баба

1. Дали се превзема нешто за заштита на населението кое се движи на патот R 103 ?,

2. До каде се постапките за добивање на дозвола за ископ под пруга за изведба на канализација за н.м Трубарево и постапката за ревизија на проектот за н.м Гоце Делчев ?,

3. Во н.м Јурумлери нема пошта - Дали може нешто да се превземе во таа насока ?.

Член на Совет - **д-р Сашо Кутлешовски** (коалиција "За подобра Македонија"):

До Градоначалник на Општина Гази Баба

1. Улица Товарник е започната но има селективност при рушење на објектите. Еден месец го барам проектот од општинската администрација, но најверојатно таков проект нема. Секој ден има присуство на полиција без некоја посебна потреба *(констатација)*.

2. Дали и кога ќе се постави решетка на улица Срећко Пужалка со улица М.А Ченто и на улица М.А Ченто со улица Палмиро Тољати и решетка на улица Ј.М. Бригади ?,

3. До каде се постапките за изработка на проектот за атмосферска и фекална канализација за улица Палмиро Тољати и асфалтирање на улицата, како и проектот за нова водоводна мрежа ?,

4. Кои се изворите на приходи од кои се сервисира долгот на општината од околу

300.000.000,00 денари ?. Дали се тоа средства оставени од претходниот Градоначалник или се работи за други извори за финасирање од кои се покрива овој долг ?.

Член на Совет - **Тони Бојковски** (коалиција "За подобра Македонија"):

До Градоначалник на Општина Гази Баба

1. Да се продолжи со неселективност при расчистување на центарот на н.м Стајковци (*барање*).

2. Кога ќе се регулираат приклучоците за водовод и канализација пред асфалтирање на краците на улицата 28 во село Сингелиќ ?,

3. Да се земе впредвид секое барање на невладина организација пред ребаланс на буџетот на општината (*барање*).

Член на Совет - **Милица Бубало** (коалиција предводена од СДСМ):

Прашањата од советничката група предводена од СДСМ во интерес на времето, ќе бидат доставени во писмена форма до Градоначалникот на општината.

Дневниот ред беше исцрпен, Претседателот на Советот - **Тони Бојковски** ја заклучи Единаесеттата седница на Советот на Општина Гази Баба, во 14,15 часот.

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Тони Бојковски**